Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 29.05.2021

На 28.05.2021 во 21.15 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје била лишена од слобода Г.К.(29) од Скопје, бидејќи при преглед кај неа била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2021 во 19.00 часот на регионалниот пат Кичево-Демир Хисар во близина на с.Свињиште од полициски службеници од Полициска станица Кичево биле лишени од слобода возачот А.М.(40) и Д.Б.(27) двајцата од Битола, кои се превезувале во патничко моторно возило „мерцедес" со битолски регистарски ознаки, бидејќи при преглед во возилото била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (28.05.2021) Министертвото за внатрешни работи спроведе зајакната контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 504 возачи. Од нив, 45 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Најголем број од санкциите се изречени на територија на СВР Куманово -78, а потоа на територија на СВР Штип-75.

На 28.05.2021 во 15.30 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од Одделението за безбедност на патниот сообраќај биле лишени од слобода возачот М.М.(26), Ф.А.(31), двајцата од Скопје, А.С.(25) од Пехчево и А.С.(25) од Неготино, кои се превезувале во патничко моторно возило „даихатсу" со скопски регистарски ознаки, бидејќи при преглед во возилото била пронајдена марихуана. Лицата се предадени на полициски службеници од Полициска станица Карпош и по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.05.2021 во 15,30 часот на регионалениот пат Тетово-Јажинце во с.Теарце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „ауди А3" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.Ј.(61) од с.Глоѓи и патничко моторно возило „голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.З.(47) од Тетово во кое биле и тројца сопатници. По незгодата сите учесници биле пренесени во Клиничка Болница-Тетово, каде на сопатникот од патничкото моторно возило „голф", Ќ.Б.(45) од с.Џепиште му била констатирана тешка телесна повреда додека на останатите им биле констатирани повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Тетово.

На 28.05.2021 во 23.25 часот на ул. Кемал Сејфула во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу моторцикл „априлија РС-125" со скопски регистарски ознаки, управуван од А.К.(20) од Скопје и патничко моторно возило „ауди А-6" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Б.(36) од Скопје. По незгодата А.К. е пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.05.2021 на територија на скопската населба Чаир полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за недозволена трговија со дрога запреле патничко моторно возило „голф" со скопски регистерски таблички, управувано од Е.М.(32) од Скопје, кај кого е пронајдена синтетичка дрога амфетамин. Е.М. е приведен во полициска станица и против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од КЗ.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (28.05.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 139 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 61 санкција, седум за возење без возачка дозвола, два прекршока што ги чинат возачите на мотоцикли.Изречени се шест санкции за користење мобилен телефон, 51 санкција за непрописно паркирање, две санкции за минување на црвено светло, четири санкции за некористење сигурносен појас.

На 28.05.2021 во 19.10 часот на бул.Александар Македонски во Радовиш од полициски службеници е лишен од слобода К.Ј.(28) од Радовиш, кој управувал патничко моторно возило „фолксваген бора" со радовишки регистарски ознаки, бидејќи при претрес кај него и во возилото биле пронајдени прашкаста материја и таблета. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.05.2021 во 16.45 часот во Полициска станица Струга, С.С.Ц.(34) од Струга пријавила дека на ул. Борис Кидрич во Струга била касната од куче скитник.

На 28.05.2021 во 15,30 часот во Полициска станица Кичево, А.К.(20) од Кичево пријавила дека на бул. Ослободување во Кичево била касната од куче скитник.

На 28.05.2021 во 13,55 часот на локалниот пат Зрновци - Лески околу 11,00 часот, трактор „имт-540" со штипски регистарски ознаки, управуван од М.Т.(68) од с.Зрновци излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Ј.Т.(63) од с.Зрновци на која и е укажана лекарска помош во Јавна здравствена установа-Кочани. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кочани.

На 28.05.2021 во 10.00 часот во СВР Велес, М.А.(51) од с.Бистренци пријавил дека неговиот сосед Ќ.П. од с.Бистренци со ловџиска пушка пукал кон мачки при што една од сачмите завршила во ролетна од прозорец на пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул„Роберт Кох" во стан сопственост на Ј.С.(71) настанал пожар. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје, а со повреди се здобил сопственикот на кого му е укажана лекарска помош од итна медининска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.05.2021 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во просторија во Институт за радиологија-Клинички центар настанал пожар. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.05.2021 околу 21.40 часот во СВР Скопје, Р.А.(24), О.Ј.(25) Л.Е.Ј.(21) и С.Н.А.(20) пријавиле дека на плоштад на подрачје на Центар биле физички нападнати од неколку лица при што едно од лицата со остар предмет им оштетил лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во 08.11 часот во СВР Скопје, З.Б.(41) од Скопје пријавил дека околу 07.00 часот откако телефонски не стапил во контакт со С.Т.(48) од Штип отишол во станот каде престојувал во Скопје при што го пронашол С.Т. починат, по што од итна медицинска помош била констатирана смрт. По наредба на Јавен обвинител, телото е предадено на обдукција.

На 28.05.2021 во 01.30 часот во СВР Скопје, 23-годишна девојка од Скопје пријавила дека во двор на семејна куќа на подрачје на Карпош по претходно недоразбирање била физички нападната од нејзиниот татко Д.М.(52). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во 20,12 часот во СВР Куманово, С.К.(56) од Куманово пријавил дека во Куманово дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавителот од една страна и М.К.(40) и М.К.(61), двајцата од Куманово, од друга страна. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 28.05.2021 во 20.40 часот во СВР Тетово, Ф.Б. и Н.М.(32) двајцата од Тетово пријавиле дека околу 20.20 часот пред обложувалница во Тетово по претходна расправја биле физички нападнати од Б.З.(26) од Тетово и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2021 во 01,00 часот Во СВР Тетово, Б.З.(25) од Тетово пријавил дека на 28.05.2021 околу 22,30 часот додека бил заедно со Ш.Н. во Клиничка болница Тетово биле физички нападнати од В.Н. а по претходна расправија и претходно случен физички напад. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во 11.15 часот во СВР Велес било пријавено дека пред сендвичара во Велес, Д.З.(34) од Велес по претходна расправија бил физички нападнат од А.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во 23.40 часот во СВР Велес, Д.Ј.(22) од с.Лозово пријавил дека околу 23.30 часот на паркинг кај основно училиште во Велес поради недоразбирање околу сообраќајот бил физички нападнат од С.М. од с.Согле-општина Чашка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 28.05.2021 во 14.30 часот во Полициска станица Гази Баба, 41 годишна жителка од скопско село пријавила дека врз нејзината ќерка била извршена обљуба од В.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.05.2021 во СВР Скопје било пријавено дека во Градска општа болница „Св. Наум Охридски" е донесен повреден М.Т.(57) од Скопје. По кажување на М.Т. околу 12.00 часот додека се движел помеѓу тезгите во зелен пазар на подрачје на Центар, едно лице паднало и повлекло две други лица кои пак паднале врз него. Од доктор му се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет